Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје, /„Службен гласник на Општина Центар број 1/06/, градоначалникот на Општина Центар-Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје, за 2015 година**

Се објавува Програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2015 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје, ја донесе на 33-та седница одржана на 25.12.2014 година.

Бр.08-7874/11
26.12.2014 год.
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Андреј Жерновски

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 и член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Центар – Скопје на 33-та седница, одржана на 25.12.2014 година, донесе

# ПРОГРАМА
# за спорт и рекреација,
# за 2015 година

**ВОВЕД**

Според Законот за локалната самоуправа и надлежностите на општината предвидено е:

- обезбедување услови за развој на рекреативниот и масовниот спорт
- организирање, поттикнување и помагање спортски пригодни активности и манифестции од значение за локалната самоуправа и дефинирање на спортската политика во општината Центар
- со програмата, врз основа на финансирање на проектите во тековната година ќе се утврдуваат активностите на спортските настани и манифестации од интерес на општината и пошироко
- за дел од зацртаните определби во програмата, а по нејзино усвојување ќе се распише јавен повик (оглас) за распределување на буџетските предвидени средства за финансирање и поддршка на проектите, програмите, а врз основа на тоа и успесите од областа на спортот за тековната училишна и спортска година

## I. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА:

- Рекреативен спорт кој има за цел да пропагира и промовира разновидни спортско-рекреативни содржини наменети за ученици, деца, млади како и граѓани- жители на Општина Центар-Скопје

- Масовен спорт со посебно внимание посветено на активности и вежби од забавно-рекреативен карактер
- Заеднички интерес како можност рекреативниот спорт да го обедини, координира и реализира со цел да го постави на повисоко спортско ниво

- Младите слободното време да го користат во спортски активности прифаќајќи ги позитивните вредности кои ги нуди спортот притоа применувајќи и негувајќи ги како животни вредности во иднина
- Масовно вклучување на младите, а притоа да се промовира, поттикнува, развива и подига и натпреварувачкиот дух и фер игра
- Поголемиот дел од програмата да се реализира од страна на општината, а во некои активности општината да се промовира и стави во улога на поддржувач и покровител

## II. СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ПОД ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОКРОВИТЕЛСТВО НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

### 1. УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ИГРИ (ЛИГИ) ЦЕНТАР 2015

Спортските игри Центар 2015 година традиционално ќе се организираат и реализираат под покровителство и организација на Општина Центар. Се предвидува, оваа 2015 година, учество да земат преку 350 ученици од основните училишта на општината. Натпреварите ќе се одиграат во лига систем, по Бергеров модел во повеќе дисциплини и тоа: кошарка, фудбал, ракомет, одбојка и пинг понг, а за прв пат и во шах (швајцарски модел). Во дисциплината шах се предвидува формирање на младински шаховски клуб во општината Центар во кој ќе функционира шаховска школа.

Во реализација на игрите ќе бидат вклучени вработени од Одделението за спорт и млади, ученици, наставници, судии и делегати од спортските федерации како и присуство на медицинско лице и полиција во рамките на својата надлежност.

### 2. ПРОЛЕТЕН АТЛЕТСКИ КРОС – ЦЕНТАР 2015

Општината Центар ќе организира пролетен атлетски крос со учесници-ученици од основните училишта од V-то до IX-то одделение. Учениците ќе се натпреваруваат во поединечна конкуренција во повеќе категории и делници според возраста и половата припадност, најдобрите во натпреварите ќе освојат соодветни награди (пехари, медаљи, пофалници за освоено I, II и III место)

### 3. ДОДЕЛУВАЊЕ СПОРТСКИ СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ СПОРТИСТИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

Спортската стипендија ќе ги опфати сите активни млади и талентирани спортисти од училиштата и територијата на општина Центар имајќи го предвид нивниот квалитет и успех со кој допринесуваат во проимоција на општината и државата на домашен и меѓународен план. Доделувањето на стипендиите ќе се спроведува по пат на оглас за аплицирање и според условите за доделување- критериуми, правилник со соодветна егзактна документација.

**4. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТИСТИ – ПОЕДИНЦИ, СПОРТСКИ ИНСТИТУЦИИ, ЗДРУЖЕНИЈА И ОСТАНАТИ ОРГАНИЗАЦИИ**

Оваа финансиска поддршка ќе ги опфати активностите на спортските клубови, спортистите, спортски институции, здруженијата и останати организации, како и организирање и спроведување на проекти од спортот кои со својата активност и квалитет придонесуваат за промоција на спортот на домашен така и на меѓународен план.

## III. ПРЕГЛЕД НА СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ПОД ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОКРОВИТЕЛСТВО НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

1. **Активност /настан:** Училишни спортски игри (лиги) Центар 2015
**Организатор/Покровител:** Општина Центар-Скопје

**Натпреварувачки дисциплини:** Кошарка, фудбал, одбојка, ракомет, пинг понг, шах и други спортски активности
**Реализација и време:** Континуирано преку цела 2015 година
**Учесници:** вработени од Одделението за спорт, ученици од основните општински училишта од подрачјето на општината Центар, наставници по физичко и здравствено образование од основните општински училишта, судии од матичните национални федерации, медицински лица, обезбедување и полиција.
**Награди:** Пехари за освоено I, II и III место, медаљи за освоено I, II и III место. За најдобрите индивидуално прогласени ученици-спортисти, како и за наставниците–тренери за учество и за освоени први три места во училишните спортски лиги предвидени се парични награди.
**Очекувани резултати:** Социјализација (дружење и забава), натпреварувачка атмосфера, јакнење на менталното и физичкото здравје, спортско однесување на учениците-навивачи, фанови за фер навивање на спортските терени, подобрување и зголемување на знаењата, умеењата, способностите и вештините кај спортистите- ученици.
**Трошоци:** Свечено отворање на игрите, хонорари за судии и делегати, наставници, парични надоместоци, естрадни уметници, забавни групи и водител за All star, ревијален натпревар за кој ќе се обезбеди спортска опрема (дресови, патики и ранци), спортска опрема за ученици-натпреварувачи, соодветни дресови по спортска дисциплина, организациони технички трошоци, озвучување, рекламно пропаганден материјал (маици, капи, удирачки реквизити, балони), медицинско лице или итна медицинска помош, освежување (флаширани води), награди за освоено I, II и III место, пехари, преоден пехар, медаљи и признанија и финансиско материјални награди за прогласените најдобри спортисти поединци.

***Износ: 1.200.000.00 денари***

2. **Активност/настан :** Пролетен атлетски крос- Центар 2015
**Организатор / покровител :** Општина Центар

**Натпреварувачки дисциплини:** Трчање поделено на повеќе делници по возраст и пол
**Време на реализација:** Април/мај 2015
**Учесници:** Ученици од основните општински училишта од подрачјето на општина Центар, професори по физичко и здравствено образование од основните училишта, вработени од одделението за спорт во Општина Центар, судии од матичните национални федерации, медицински лица, обезбедување и полиција
**Награди:** Доделување пехари на тројцата најдобро пласирани во машка и женска конкуренција ( по делница )
**Очекувани резултати:** Натпреварувачка атмосвера, дружење и забава
**Трошоци:** Комплети маички и гаќички во седум различни бои со лого на општината и име на училиштето, пехари, изнајмување на постоље за I, II и III место, големи чадори – куполи, маси, столчиња, озвучување, медицински лица или итна медицинска помош.

***Износ: 450.000.00 денари***

3. **Активност/настан:** Доделување спортски стипендии на талентирани спортисти од подрачјето на општината Центар
**Покровител:** Општина Центар
**Време на реализација:** 8 месечи спортски стипендии : февруари, март, април, мај, јуни, октомври, ноември и декември
**Учесници:** Спортисти од општина Центар
**Очекувани резултати:** Стимулирање и афирмација за постигнување на подобри резултати на активни, млади и талентирани спортисти од општина Центар

***Износ: 1.200.000.00 денари***

4. **Активност/настан:** Доделување финансиска поддршка на спортски клубови, спортисти, спортски институции, здруженија и останати организации и организирање и спроведување на проекти од спортот
**Покровител:** Општина Центар
**Време:** Еднократно, преку цела година
**Учесници:** Спортски клубови, поединци, спортски институции, здруженија и останати организации
**Очекувани резултати:** Афирмација, подобрување и зголемување на спортските успеси на домашен и меѓународен план

***Износ: 1.000.000.00 денари***

## IV. СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

1. **КК Работнички АД Скопје**

## V. ПРЕГЛЕД НА СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

1. **Активност/настан:** КК Работнички АД Скопје, учество во лига системи
   **Организатор:** КК Работнички АД Скопје
   **Време на реализација:** Преку цела 2015 година
   **Учесници:** Сите категории на клубот
   **Очекувани резултати:** Традиција, развој и унапредување на кошарката и промовирање на домашна и меѓународна сцена
   **Трошоци:** Според програмата и активностите на клубот во сите категории

***Износ: 19.000.000.00 денари***

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 22.850.000.00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Центар за 2015 година.

Според можноста во тековната година, определени финансиски средства можат да бидат обезбедени и од спонзорства и донации.

За активностите што ги опфаќа Програмата според нивната актуелност, општествен интерес и квалитет, а ќе се појават во текот на 2015 година, можат да бидат предвидени и дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Центар.

Следењето на активностите и реализацијата на оваа Програма ќе се одвива преку Советот на Општина Центар и неговите соодветни работни тела (комисии).

По реализацијата на проектите предвидени со оваа Програма, секој организатор и реализатор е должен до Советот на Општина Центар да достави Извештај за реализираниот проект.

## VII.ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Центар”- Скопје, а ќе се применува од 1.01.2015 година.

- Сектор за јавни дејности.

Бр.08-7874/10
25.12.2014 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Совет на Општина Центар-Скопје
Цветанка Симоновска, с.р.